Агенција за вработување на
Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активни пргрми и мерки за вработување за 2012 година, предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011 – 2015 година за активната мерка, **Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот**, Агенција за вработување на Република Македонија, на ден 06.02.2012 година, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

до

невработени евидентирани лица

1. Се повикуваат невработените евиденирани лица кои се заинтересирани за стручно оспособување преку стекнување на знаења и вештини за побарувани занимања на пазарот на трудот, да се пријават најдоцна до **20.02.2011** година во Работните клубови на центрите за вработување каде се евидентирани како невработени.

Обуките кои ќе се спроведуваат од страна на образовните установи и/или институции за образование на возрасните, се однесуваат на следните занимања и градови:

- електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти (*Скопје, Битола, Куманово*, *Кочани, Штип*)
- електроинсталатер и електромонтер за индустриски објекти (*Скопје, Струмица, Куманово, Прилеп, Штип)*
- инсталатер и монтер на водоводна и гасоводна инсталација (*Скопје)*
- сервисер на мехатронички системи (*Скопје, Охрид)*
- аргон заварувач (*Скопје, Штип, Битола*)
- гипсер - монтер (*Тетово, Скопје*)
- келнер - гастроном (*Охрид, Гевгелија*)
- составувач на горни делови на обувки (*Куманово*)
- помошник козметичар (*Охрид*)
- болничар за медицинска установа (*Скопје, Битола, Штип*)
- патронажна негувателка (*Скопје,Тетово*)
- изработувач на браварски производи (*Скопје, Кочани, Куманово, Битола, Штип, Гостивар*)
- изработувач и монтажер на градежна столарија (*Скопје, Кавадарци, Струмица*)
- преработувач на зеленчук (*Струмица*)
- автосервисер за лесни поправки (*Скопје*, *Велес*)
- изработувач на бели печива (*Велес, Скопје, Куманово*, *Струмица)*
- готвач во угостителски објекти (*Гевгелија, Тетово, Струмица*)
- фризер за жени (*Куманово, Прилеп, Штип)*

2. Обуките ќе се реализираат во верификувани средни училишта и/или лиценцирани институции за образование на возрасните, во траење од 3 (три) месеци. По завршувањето на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа кај работодавачи во траење од 1 (еден) месец.

3. Невработените лица кои ќе ја завршат обуката, практичната работа и успешно ќе го положат предвидениот испит, ќе се стекнат со соодветен документ издаден од верификувани / лиценцирани изведувачи на обуки.

Детални иформации можат да се добијат во работните клубови на Центрите за вработување на град Скопје, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип, каде лицата се евидентирани како невработени, контакт телефон 02-3298-297 и веб страната www.avrm.gov.mk

Агенција за вработување на
Република Македонија